Врз основа на член 22-а став (2) од Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 15/2013, 120/2013, 41/2014, 146/2015, 30/2016, 178/2016, 64/2018 и 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2019, 248/2020, 302/2020, 235/2024 и 111/2026), министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА ТИПОВИТЕ НА СТУДЕНТСКИТЕ ДОМОВИ И ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТИПОТ НА СТУДЕНТСКИОТ ДОМ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на утврдување на типовите на студентските домови и поблиските критериуми за утврдување на типот на студентскиот дом.

## Член 2

Тип 1 – енергетски ефикасен студентски дом е дом кој ги исполнува нормативите и стандардите од членот 12 став (3) од Законот за студентскиот стандард, на кој е извршена реконструкција и ги исполнува минималните барања за енергетската ефикасност од Правилникот за енергетски карактеристики на зградите (*)

Студентскиот дом од ставот 1 на овој член поседува Сертификат за енергетски карактеристики, со минимум класа Б

## Член 3

Тип 2 – постоечки студентски дом е дом кој ги исполнува нормативите и стандардите од членот 12 став (3) од Законот за студентскиот стандард, согласно со Правилникот за нормативите и стандардите за опрема, простор и кадар во студентските домови.

Член 4

Врз основа на Сертификатот за енергетски карактеристики со минимум класа Б, издаден од носител на лиценца за вршење на енергетска контрола на згради на реконструираниот дом, Министерот за образование и наука издава потврда за Тип 1 – енергетски ефикасен студентски дом.

Потврдата од став 1 се издава за период од 10 години, согласно важноста на сертификатот.

Член 5

За постоечки студентски дом, на кој не е извршена реконструкција и не ги исполнува минималните барања за енергетската ефикасност од Правилникот за енергетски карактеристики на зградите (*) , Министерот за образование и наука издава потврда за Тип 2 на студентски дом.

Потврдата од став 1 на овој член има важност додека студентскиот дом не се реконструира и не добие сертификат за енергетски карактеристики, издаден од носител на лиценца за вршење на енергетска контрола на згради.

Член 6

Овој Правилник стапува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Северна Македонија.

Бр.19-8457/1

Скопје, 26.6.2026 г.

Министерка за образование и наука,

проф. д-р Весна Јаневска, с.р.